ОДДЕЛЕНИЕ IX

ТЕМА : АМЕРИКА

НАСТАВНА СОДРЖИНА

Природни богатства и стопанство на Америка

ИЗРАБОТИЛЕ:

ЕМИЛИЈА КОКИНОВСКА

ЕЛИЗАБЕТА КАРОВСКА

Северна и Јужна Америка, со оглед на големата површина која ја зафаќаат, разновидните релјефни карактеристики и геолошката структура располагаат со различни природни богатства:
метални и неметални суровини, енергетски горива, хидроенергетски потенцијал, огромни земјоделски и огромни шумски пространства.



Северна Америка

Млади верижни планини на запад (Координљери)
Стари грамадни планини на исток и
Централни низини

Планиниските територии во САД и Канада, се одликуваат со бројни метални и неметални минерални суровини : **железо, цинк, олово, бакар, алуминиум, сребро, злато,никел, платина,волфрам,ванадиум,молибден, ураниум, азбест, сулфур, фосфати**.

Апалачки Планини

Тие се основа за развој на: -рударство -преработка на руда -развој на тешка и лесна индустрија (најголем индустриски развој на има на територијата на Приатлантска Низина)

Индустриски гранки

Големите, полноводни реки, располагаат со голем **хидроенергетски потенцијал** (голем број на хидроелектрани). Централните низини изобилуваат со **енергетски горива**:јаглен, нафта, земјен гас

Земјоделство и сточарство

Земјоделството во САД и Канада е развиено во **механизирани фарми,** каде се произведуваат огромни количини на земјоделски производи и исто така се одгледува добиток .

Големите површини под низини во централниот дел на САД и прериите во Канада (Саскачивен, Алберта, Манитоба), се најголеми светски производители на жито (пченица, јачмен, овес), маслодајни растенија и стока (за млечни прозиводи и говедско месо).

Флорида и Тексас се познати по одгледувањето на овошје и зеленчук, додека компирот најмногу се одгледува во Ајдахо, Вашингтон, Орегон, Мејн, југоисточна Канада и др. Исто така се одгледува и памук, шеќерна трска, производство на млечни производи и високоразвиено живинарство.

Шумарство

Шумарството како стопанска дејност, е најзастапено во **Канада** (производство на дрво, целулоза и хартија) и на **Карпестите Пл**. (Потсети се кои растителни заедници се застапени на овие простори!)

Средна Америка

На територијата на Мексико и Централна Америка, особено е застапено земјоделството, преку прозиводство на разни видови култури: Агруми- Мексико (портокали, лимони, цитрони), банани (Мексико, Куба, Костарика), какао (Доминиканска Република), кафе (Мексико, Гватемала, Хондурас, Костарика), шеќерна трска



Северна Америка располага со голем број разновидни стопански дејности. САД и Канада имаат софистицирана, модерна економска развиеност. Додека стопанскиот напредок е нерамномерен во Мексико. Има голема развиеност во областа на енергетиката, транспортот и индустријата, но тие се под удар на честата инфлација и големи долгови. Земјоделството е многу поизразено во Мексико, отколу во останатите делови од континентот и обезбедува вработување на околу 25% од работоспособното население (споредено со САД, 3% и Канада околу 5%).



Јужна Америка

Во западните делови се простираат Андите, а на исток Бразилската Висорамнина и Гвајанските Планини, помеѓу кои се Амазонската Низина и низината Ла Плата.

Андите се богати со метални и неметални минерални суровини: бакар, железо, калај, манган, олово и цинк, алуминиум, молибден, сребро, злато, скапоцени камења. Од **енергетските суровини** застапени се нафта, јаглен и земјен гас.

Хидроенергетски потенцијал

Исто како и во Северна Америка, така и Јужна реките располагаат со голем хидроенергетски потенцијал, кој е доста искористен.

Индустрија

Хидроцентрала на реката Парана

Земјоделство и сточарство

Повеќе од **¼ од населението** се занимава со **примарни дејности** (периферните делови на Амазонија, Бразил и Патагонија).

Житни култури и голем број на тропски култури од кои најголем процент се за извоз низ земјите во Светот: банана, какао, кафе, каучук, маниока, соја, шеќерна трска, бразилски орев, агруми, тутун, винова лоза, памук, чај и т.н.

Развиено сточарство, над 20% во светски рамки, но претежно на **екстензивен** начин. Најразвиено е во областите на савани, љаноси, пампаси (***потсети се каде се застапени овие вегетациски области!***)

Маниока

Каучуково дрво

Бразилски орев

Агруми

Памук

Шумарство

Шумарството во Јужна Америка е најзастапено во Бразил. Зошто? (прекумерното сечење на шумите, предизвикува нивно уништување и големи еколошки проблеми).

Бидејќи континентите излегуваат на повеќе водени површини, имаат голем број на заливи, морења и имаат богата хидрографска мрежа **рибарството** е една од најразвиените дејности на овие простори, која посебно е изразена во Јужна Америка

КОИ ЗЕМЈИ ВО ЈУЖНА АМЕРИКА ИМААТ НАЈГОЛЕМ ГОДИШЕН УЛОВ НА РИБА?

Листа на држави по годишен улов на риби, ракови и мекотели

Country	Capture	Aquaculture	Total
China	17,800,000	63,700,000	81,500,000
Indonesia	6,584,419	16,600,000	23,200,000
India	5,082,332	5,703,002	10,800,000
Vietnam	2,785,940	3,634,531	6,420,471
United States	4,931,017	444,369	5,375,386
Russia	4,773,413	173,840	4,947,253
Japan	3,275,263	1,067,994	4,343,257
Philippines	2,027,992	2,200,914	4,228,906
Peru	3,811,802	100,187	3,911,989
Bangladesh	1,674,770	2,203,554	3,878,324
Norway	2,203,360	1,326,216	3,529,576
South Korea	1,395,951	1,859,220	3,255,171
Myanmar	2,072,390	1,017,644	3,090,034
Chile	1,829,238	1,050,117	2,879,355
Thailand	1,530,583	962,571	2,493,154
Malaysia	1,584,371	407,887	1,992,258
Mexico	1,524,467	221,328	1,745,795
Egypt	335,614	1,370,660	1,706,274
Morocco	1,454,105	1,142	1,455,247
Brazil	705,000	581,230	1,286,230
Spain	915,137	283,831	1,198,968
Ecuador	715,495	451,090	1,166,585
Iceland	1,085,176	15,129	1,100,305
Iran	695,407	398,129	1,093,536
Canada	874,727	200,765	1,075,492
Nigeria	734,731	306,727	1,041,458
United Kingdom	702,405	194,492	896,897
Cambodia	629,950	172,500	802,450
North Korea	209,000	554,100	763,100
Argentina	755,226	3,673	758,900
France	561,173	166,640	727,813
Denmark	670,344	36,337	706,681
Pakistan	513,156	156,430	669,586
Faroe Islands	568,435	83,300	651,735
South Africa	622,070	7,994	630,064